**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Првото продолжение на Сто и четвртата седница на Собранието на Република Македонија,**
**одржана на 28 март 2002 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 15,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Оломан Сулејмани, потпретседател на Собранието.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Во салата се присутни 70 пратеници и исполнети се условите за да продолжиме со работа.

Продолжуваме со работа по 104-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Стојан Андов, Томислав Стојановски, Митко Тилевски, Горанчо Лазов, Никола Јованов, Радомир Карангелески, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

Комисијата за труд и социјална политика предлага Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност со Предлог на закон да се разгледа пред другите точки од дневниот ред.

Предлогот на Комисијата го ставам на гласање.

Вкупно гласале 66 пратеници од кои 37 за, 12 воздржани, 17 против.

Процедурално господинот Александар Гештаковси.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине потпретседателе, согласно Деловникот барам поддршка од 10 пратеници, бидејќи се сомневам во резултатот од гласањето.

Би сакал и да укажам во име на Собранието на Република Македонија г. потпретседател Томислав Стојановски и координаторите на пратеничките групи во својство на заменик координатор јас на СДСМ, во својство на заменик координатор на ВМРО-ДПМНЕ госпоѓата Ѓулистана Марковска и координаторот на пратеничката група на ПДП ги примивме претседателот на Сојузот на синдикатите со неговоро раководство, ги примивме претставниците на работниците загубари кои беа излезени пред Собранието на Република Македонија да протестираат. Во име на СДСМ, потпретседателот во името на Собранието и другите претставници би сакал да се произнесат. На тие работници им ветивме и зедовме обврска дека Предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност ќе биде прва точка на седницата на Собранието закажана за 27 март. На вчерашниот ден го утврдувавме дневниот ред. Ќе расправаме, ќе ги разгледаме барањата, иницијативата на Синдикатот, односно дека ќе го разгледаме од сите аспекти предлогот на овластениот предлагач пратеникот колегата Слободан Даневски, се со цел бидејќи тие претставници на овие работници загубари кажаа дека ќе протестираат пред Собранието и за да немаме социјални немири, за да немаме недоразбирања ние ја земавме таа обврска. Согласно Деловникот им укажувам на пратениците и ги замолувам овој Предлог на закон да го ставиме прва точка и да расправаме. Дали денеска ќе расправаме, или ќе расправаме по 5 дена, исто е, пред нас е целосната обврска. Кој, како ќе одлучи врз основа на аргументите, врз основа на мислењата да го сослушаме предлагачот, тогаш пратениците и пратеничките групи ќе ја сносат својата одговорност и согласно Уставот ќе одлучат.

Барам поддршка од 10 пратеници.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на господинот Александар Гештаковски. Тој веќе има конкретен предлог, меѓутоа пред да преминеме на поединечно гласање, процедурално г. Слободан Даневски:

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господине потпретседателе, дами и господа пратеници, Не знам дали техниката и денеска не беше во ред, јас благовремено се пријавив да се јавам како овластен предлагач по однос на законот кој денес треба да оди на дневен ред. Имено, јас сум предлагачот на законот и земав обврска пред Синдикатот и ја исполнив обврската. Тоа не значи дека се повлекувам од законот, туку настанаа нови моменти, затоа што има дополнително барање од синдикатот, а и до ден денеска немаме мислење од Владата, затоа што она што го бараат

синдикатите комплетно ќе се измени. Овој закон е мал закон со малку членови, но директно влијае на голема финансиска поддршка. Што значи до добивање на мислење од Владата и добивање на конкретните предлози од Синдикатот, во текот на вчерашниот ден ми се јави претседателот на Синдикатот на Република Македонија, ми се јави потпретседателот Јанкуловска, имааат нови барања, нивните дополнителни барања се што значи да се однесува ретроактивно. Сме се договориле, Синдикатот до ден денеска ги нема донесено сите пописи на листи од сите загубари. Што значи, ние во почетокот така не се договоривме и денеска се слушнавме и треба да ги достават комплетно списоците. Нека си остане законот како што си е точка 19.

Благовремено барам како предлагач мислење од Владата и барам мислење, односно во писмена форма од претседателот на Синдикатот и од потпретседателот на Синдикатот. Не го повлекувам законот. Законот си останува точка 19. Бараме мислење од Владата, затоа што се работи за големи финансиски средства. И немој да направиме грешка да пропадне законот. Мора да добиеме мислење од Владата затоа што ние ќе ја задолжиме Владата, Владата треба да го изврши, дали има финансиски ефекти, односно дали ќе има средства.

Од тие причини како предлагач барам да не се ставаат сега пратениците во искушение. Јас сум овластен предлагач. Јас барам законот да остане. Не го повлекувам законот. Законот не го повлекувам, законот ќе остане на оваа седница како точка 19.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Предлагачот не го повлекува законот. Значи, тој останува на дневен ред, меѓутоа чека мислење од Владата, или од ресорното министерство и од Синдикатот. Меѓутоа, ние немаме право да одбиеме еден предлог од пратеничката група на СДСМ кој треба да се гласа, бидејќи тоа не е ни против предлагачот дали ќе се расправа како прва точка, или 19 точка. Мислам да се надминеме.

Господине Гештаковски дали останувате на вашиот предлог?

Вие имавте поддршка од 10 пратеници за да се гласа поединечно.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине потпретседателе само би сакал да укажам предлогот кој го поставувам јас беше доставен и од Комисијата за труд и социјална политика. Вие добро објаснивте само би сакал да им објаснам на пратениците, господинот предлагач на овој закон во расправата пред Комисијата за труд и социјална политика ниту во еден момент не го покрена прашањето дали е добиено мислење од Владата, или не е добиено. Ние се впуштивме во расправа и би сакал да укажам Комисијата за труд и социјална политика составена од претставници на сите пратенички групи го поддржа законот едногласно и го поддржа овој предлог за кој треба да се изјасниме законот да биде прва точка. Тоа би сакал да го дообјаснам и останувам на предлогот да се изјасниме.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Предлогот на господинот Гештаковски беше да се гласа поединечно за точката да се стави како прва точка на овој дневен ред.

**КАРОЛИНА ОГЊАНОВИЌ ЧУКАЛИЕВА:**

| | |
|---|---|
| ЈОНУЗ АБДУЛАИ | - отсутен |
| АБДУРАХМАН АЛИТИ | - за |
| АБДУЛА АЛИУ | - отсутен |
| ЌАНИ АЛИУ | - отсутен |
| МИЛОЈКО АНГЕЛОВСКИ | - за |
| СТОЈАН АНДОВ | - отсутен |
| КИРИЛ АНДОНОВСКИ | - отсутен |
| МАГДАЛЕНА АНТОВСКА ВЕЛЕВСКА | - за |
| ЉУПЧ0 АНУШЕВ | - воздржан |
| АМДИ БАЈРАМ | - отсутен |
| ДЕМУШ БАЈРАМИ | - воздржан |
| ФАДИЛ БАЈРАМИ | - отсутен |
| ДИМИТАР БАТКОСКИ | - воздржан |
| МЕРСЕЛ БИЉАЛИ | - за |
| ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА | - отсутна |
| ЈОРДАН БОШКОВ | - за |
| ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ | - за |
| АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ | - за |
| СЛОБОДАН ГАРЧЕСКИ | - воздржан |
| ВАСИЛ ГАЏОВСКИ | - отсутен |
| МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ | - воздржан |
| ТРАЈКО ГЕШОСКИ | - отсутен |
| АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | - за |
| ДАНИЛО ГЛИГОРОСКИ | - отсутен |
| ПЕТАР ГОШЕВ | - отсутен |
| СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ | - за |
| ЗАМИР ДИКА | - воздржан |
| ВАНЧО ГОРГИЕВ | - отсутен |
| ИЛИЈА ЃОРГИЕВ | - за |
| ФАТМИР ЕТЕМИ | - отсутен |
| ВАСИЛ ЕФТИМОВ | - воздржан |

НАСЕР ЗИБЕРИ - за
ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО - отсутен
МИРКО ИВАНОВ - за
ИЛИЈА ИЛОСКИ - за
ДЕЛЧЕ ИЦКОВ - отсутен
ЖАРКО ЈАНКОВСКИ - воздржан
НИКОЛА ЈОВАНОВ - отсутен
ВЕСНА ЈОВАНОВСКА - воздржана
МАРИКА ЈОРДАНОВА - воздржана
НАЗМИ КАДРИУ - отсутен
РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ - отсутен
ЖАРКО КАРАЏОСКИ - воздржан
РЕНАТА КЕРПИЧОВСКА-БОШЕСКА - воздржана
МИТКО КИРОВ - воздржан
ЛАЗАР КИТАНОСКИ - отсутен
САВО КЛИМОВСКИ - отсутен
СТОЈАН КОВАЧЕСКИ - за
ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ - воздржан
ИЛИЈА ЛАЗАРОВ - воздржан
ГОРАНЧОЛАЗОВ - отсутен
БИЛАЛ ЉУТФИИ - воздржан
ЈАНИ МАКРАДУЛИ - за
ВАСЕ МАНЧЕВ - воздржан
НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ ДИМОВА - за
ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА - воздржана
ДИСПИНА МАРКОВСКА - воздржана
ЗВОНКО МИРЧЕСКИ - за
ДРАГАН МИТЕВСКИ - отсутен
КИРИЛ НАСТЕСКИ - за
РУБЕНС НАУМОВСКИ - воздржан
ГОРАН НЕВЕНОВСКИ - отсутен
ЛАТИФ ПАЈКОСКИ - отсутен
АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ - воздржан
ВАНЧО ПАНЧЕВ - воздржан
ИЛИЈА ПЕМОВ - отсутен
ТИТО ПЕТКОВСКИ - за
ЧЕДО ПЕТРОВ - за
ТОМИСЛАВ ПЕТРОВСКИ - отсутен
АЗИС ПОЛОЖАНИ - отсутен
СТОЈАН ПОПОВ - отсутен
ЉУБОМИР ПОПОЗСКИ - за
НИКОЛА ПОПОВСКИ - за
ИЛИЈА ПРАНГОСКИ - отсутен
ИСМЕТ РАМАДАНИ - отсутен
ЉУПЧЕ РИСТЕСКИ - воздржан
НЕНАД РИСТОВСКИ - за
АЦЕ САЈКОСКИ - воздржан
АСЛАН СЕЛМАНИ - за
БОРЧЕ СИБИНОВСКИ - отсутен
ВАНГЕЛ СИМЕВ - за
РИСТО СПАНАКОВ - за
КРАЛЕ СПАНЧЕВСКИ - воздржан
ЃОРЃИ СПАСОВ - за
МИЛАН СТАВРЕВ - воздржан
НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ - отсутен
ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ - отсутен
ВОИСЛАВ СТОЈАНОСКИ - воздржан
БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ - за
ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ - за
ВЛАДО СУГАРЕВСКИ - отсутен
ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ - за
РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ - отсутен
МУХАМЕД ТАИРИ - отсутен
АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ - воздржан
МЕВЉАН ТАХИРИ - воздржан
МИТКО ТИЛЕВСКИ - отсутен
ЃОРЃИ ТОДОРОВ - за
РИСТО ТОДОРОВ - за
ПАВЛЕ ТОДОРОВСКИ - воздржан
ПАНДЕ ТОМОВ - воздржан
КОЦЕ ТРАЈАНОСКИ - отсуетн
ГОРАНЧО ТРАЈКОВ - отсутен
ТАНАС ТРАЈКОВСКИ - отсутен
АЛЕКСАНДАР ТРПЕВСКИ - воздржан
БОРИСЛАВ ТРПОВСКИ - отсутен
СЛОБОДАН ЌОСЕВ - воздржан
ТАКИ ФИТИ - отсутен
АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ - отсутен
ИЛЈАЗ ХАЛИМИ - отсутен
БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ - за
СЕЈФЕДИН ХАРУНИ - отсутен
КАСТРИОТ ХАЏИРЕЏА - отсутен
БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ - отсутен
МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ - за
ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ - за
АРБЕН ЏАФЕРИ - отсутен
ШАХИЌ АЛИЈА - отсутен
РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА - за

- Во меѓувремено во салата влегоа:

ТРАЈКО ГЕШОСКИ - воздржан
ТОМИСЛАВ ПЕТРОВСКИ - за

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

За предлогот гласаа 37 пратеници, против ниту еден и 34 воздржано.

Вкупно гласал 71 пратеник.

Констатирам дека предлогот на Комисијата не е усвоен.

Процедурално, за збор се јави пратеникот Александар Пандов.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

До сега ми се нема случено да коментирам гласање на било кој пратеник, но сега се најдов погоден зошто по барање

на еден пратеник беше ставена точката на гласање, на иницијатива на друг пратеник беше предложено да се одложи. Имено, забелешката беше дека е доста ургентен овој закон и дека голем број на луѓе се засегнати со донесувањето на овој закон, за што апсолутно има подршка од цел парламент и ни беше укажано дека претставници на сите политички партии, координатори и заменици координатори, шефови на опозиции го подржале законот. Од друга страна, самиот предлагач ни кажа дека потребно е мислење од Владата и уште попотребно е, со што апсолутно тука се согласувам со него, мислење на Синдикат и дека истиот тој Синдикат во целина не бил задоволен со донесувањето на овој закон, има плус некои барања, кои би сакал како синдикат да бидат имплементирани по овој закон и за што јас сега гласав, за одложување односно за оставање на оваа точка како точка 19 од дневниот ред.

Ќе се вратам на почетното. Кај мене во главата имам голема забуна затоа што човекот кој што го предлага овој закон на поединечното гласање гласаше за, односно формулацијата на ова гласање беше да се стави точката на дневен ред како прва. Сега да не излезе дека некои други пратеници се против овој закон и против донесувањето на овој закон, но јас се понесов по неговото објаснвуање дека потребно е да го слушнеме Синдикатот . Пред две недели г-динот Муратовски на Канал-5 или незнам на која ТВ рече дека кога се донесуваат законите Синдикатот не е консултиран и дека треба да се консултира Синдикатот. Истито тој Синдикат има поднесено нова листа на барања што треба да се внесат во овој закон и за сето тоа потребно е време. Дали ќе помине недела или 10 дена, да се разгледа повторно на комисии, да се направат амандмани.

Од друга страна постои друга група на луѓе кои гласаат да се донесе односно да се стави како прва точка од дневниот ред и, што е за мене најчудно предлагачот кој што ни го објасни сето ова исто така гласаше за.

Барам објаснвуање од предлагачот, не од пратеничката група, дали нешто погрешно сум разбрал или во неговото гласање, бидејки имаше пратеници околу него, не ја слушнал формулацијата на прашањето па заради тоа тој така се изјаснил.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г-динот Александар Пандов.

За збор се јави г-динот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, Ние бевме длабоко уверени дека 104-та седница на Собранието ќе се одвива така што најзначајниот закон кој е на денешната седница ќе биде прва точка на дневниот ред, со цел да можеме да се изјасниме по него.

Како координатор на пратеничката група сосема сум свесен дека во овој Собраниски дом, во овој момент, имаме десетина седници започнати но не завршени, кои во основа се стигнати до првата или втората точка од дневнито ред и понатаму не стигнуваат заради односот на мнозинството кон кворумот или пак заради политичките игри, точките кои се на дневен ред воопшто да не се гласаат понатаму. Типичен пример е претходната седница, која на точката еден десет дена ја државме, на Законот за корупција, и на крај се премина на 104-та седница, а свесни сме дека веќе истата среда е 105-та седница со некоја нова точка на днавниот ред и дека таа седница паѓа полека во заборав.

Имам предвид дека во овој момент мнозинството во парламантот на оваа седница, точката која сметаме дека е ургентна, ја стави како точка 19, од практични причини што во последните 5-6 месеци ниедна точка што а на дневан рад повеќе од пето и до шесто место не дошла никогаш на расправа во парламантот и стои во архивите на днавните редови. Тоа е на након начин манипулација со работата на парламентот.

Со оглед дека ние бевме подготвени денес да расправаме за оваа точка и со оглед дека се соочувама со еден многу чуден однос од страна на мнозинството пратеници во овој парламант, ние апсолутно не сме подготвени денес да разговараме за закони кои се предложени од другита ресори, а кои во основа значат измени и дополнувања со по наколку зборови во по еден член, да не ги цитирам овде законите за стечај, за платен промет, за Завод за платен промет, за Јавни приходи, за Хартии од вредност, за Акционерски друштва и т.н., кои сите значат промена на неколку зборови во еден член и тоа со прадзнак за да може

некој од ВМРО-ДПМНЕ да ги купи некои фирми со изменети закони.

Со оглед на таквата ситуација, а чувствувајки се како пратеничка група дека сме изманипулирани и дека на можеме да ги оствариме целите заради кои се собираме, барам заради ваквото изјаснување по Законот за осигурувања во случај на невработеност и по многу конфузниот настап на предлагачот на законот, кој овде прво посочи дека му треба време, а после гласаше за прва точка, барам пауза од два часа за да можеме да се договориме во пратеничката група.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Два часа пауза побара пратеничката група на СДСМ.

(Паузата отпочна во 15,30 часот).

(По паузата седницата не продолжи).